# ССНМ БИЛТЕН бр.1

**Драг колега,**
**Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници на кој и ти му припаѓаш, ти ги честита новогодишните и божиќните празници со желба 2011 да биде година на сериозно синдикално освестување и будење на солидарноста во заштита на заедничките интереси**

» Синдикалните права се основно човеково право!

Нема слободни медиуми во услови на сиромаштија, корупција или страв!

## Сработено!!

**2010 ја напуштаме** со конечно формиран и регистриран Синдикат кој брои речиси 200 члена. Интересот за вклучување во ССНМ е голем и првите месеци од новата година ќе бидат посветени токму на проширување на членството ширење на идејата на синдикализмот и меѓусебната солидарност.

## Нашите приоритети!

-Зголемување на членството за да се добие репрезентативност
-Обезбедување на бесплатна правна помош за своите членови
-Подобрување на работни услови: навремено исплаќање на плата,право на дневен, неделен и редовен годишен одмор, намалување на исплатата на “плата на рака”, намалување на договорите за работа потпишани на одреден период со што новинарите и другите медиумски работници се држат во постојано неизвесност
-Инсистирање на спроведување на законите кои го регулираат работниот статус на медиумските работници
- Потпишување на колективен договор

Новинарите и снимателите на работно место



**Само синдикат** може да преговара и потпише колективен договор кој ќе ги штити работничките, социјалните и професионалните права на медиумските работници!

## Заедно можеме

Годинава ја завршуваме со објавување на платни списоци на наши колеги, хајка против новинари, колеги на кои не им се продолжени договорите со објаснување финансиска криза,  атмосфера на меѓусебни обвинувања односно се што е спротивно од **СОЛИДАРНОСТ**
Колеги, ако не можеме да се обединиме во професионалните и личните ставови, можеме да се обединиме во едно:
**ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО КОИ МНОГУМИНА ОД НАС РАБОТАТ**
**ТОА ГО МОЖЕМЕ САМО ОБЕДИНЕТИ!**

## Против притисоците

Многу наши колеги се соочуваат со притисок од сопствениците и претпоставените да не пристапат во синдикатот. На нив не им одговора нашето здружување затоа што знаат дека така сме силни

## Солидарност е клучот!

**Синдикатот** ги брани правата на работниците во согласност со законот и колективните договори склучени со работодавачите, а успешен е онолку колку секој негов член е подготвен заедно со другите да ги брани своите права.

Сопствениците нема да ги сметаат за релевантни поединечните барања, но работниците. Само здружени новинарите и другите медиумски работници можат да ги променат работите и да ги остварат своите интереси.

**Не смееме да дозволиме** да не исплашат заканите и забраните на сопствениците за  синдикално ангажирање. Тоа е право на секој работник според законите, според Уставот и   меѓународните конвенции на кои Македонија е потписник.

